# ПОВИК ЗА УЧЕСТВО

# НА ИНТЕРКУЛТУРНА РАЗМЕНА ВО ДЕТСКОТО СЕЛО ПЕСТАЛОЦИ ВО ТРОГЕН, ШВАЈЦАРИЈА





Целта на Интеркултурната размена е учениците да се здобијат со знаења и вештини поврзани со правата на децата, со принципите на меѓукултурниот дијалог и комуникација, анти-дискриминација, меѓусебно разбирање, почитување и толеранција на вредностите помеѓу различни култури.

**Период на размена: 23.04-07.05.2018.**

Датум на поаѓање: 22.04.2018

Датум на враќање: 08.05.2018

**Финансиско учество на учесниците за размената: 3770,00 МКД.**

**Сите заинтересирани ученици, може да се пријават на веб страната на Коалиција СЕГА www.sega.org.mk најдоцна до 13.03.2018 година. Потенцијалните кандидати ќе бидат контактирани и повикани на интервју во периодот 16.03.-23.03.2018 година.**





**Критериуми за учество:**

- **Година на раѓање: 2001 / 2002 год**
- **Валидна патна исправа (пасош) со рок на важност не порано од 22.10.2018 година**
- **Ученици кои посетуваат редовна настава во СОУ Гимназија Гоце Делчев- Куманово**
- **Предност при изборот ќе имаат кандидати/ки од ранливи категории - ученици кои живеат во рурални средини, ученици од семејства кои се корисници на социјална помош/детски додаток, деца без родители, припадници на различни етнички групи, итн (на увид потребна е потврда за редовен работен однос не постара од 30 работни дена.**
- **Предност ќе имаат учениците вклучени во проектот “Имплементација на Конвенцијата на правата на детето во Република Македонија”(директна вклученост во моделот Дете правобранител и/или Ученичка организација)**
- **Кандидати/ки кои не учествувале претходно на Интеркултурна размена во Детското село Песталоци**
- **Кандидати/ки кои се во меѓусебни роднински врски или во блиски роднински врски со супервизорот или вработени во училиштето нема да бидат приоретизирани.**

**Доколку имате прашања или потреба од дополнителни информации обратете се на  проф. Славица Грујоска-Митиќ во гимназијата или на е-маил aplikacija@sega.org.mk.**